












Tweet   Follow @UtrinskiVesnik   Ми се допаѓа 0

21.05.2010, 17:25

ЈУБИЛЕЈ

# СЕГАШНИ И НЕКОГАШНИ ПРОФЕСОРИ НА ФЛУ НА ЕДНО МЕСТО



**Катерина Богоева**

Ликовната уметница Жанета Вангели на отворањето на првата заедничка изложба на најголем дел од професорите на Факултетот за ликовни уметности - Скопје, меѓу кои е и таа, во Музејот на современата уметност каде беше одбележан 30-годишниот јубилеј на оваа образовна, државна институција, деновиве изјави:

„Многу е интересно и голем предизвик е да се изложува со своите поранешни професори. Повеќето од нив се тука, и за среќа, се' уште се во оваа димензија, но за жал, некој вечерва не се со нас за што искрено жалам, како, на пример, за мојот професор Петар Мазев и за Драгутин Аврамовски - Гуте, кој не ми беше професор, но со кој комунициравме во првите години на основањето на ФЛУ“.



Таа досега веќе се претставила на заедничка изложба заедно со професорите Симон Шемов и Родољуб Анастасов, а во оваа пригода, освен нивните дела,презентирани се и дела на Петар Хаџи Бошков, Душан Перчинков, Петар Мазев, Димитар Кондовски, Драгутин Аврамовски-Гуте, Стефан Маневски, Димитар Малиданов, Момчило Петровски, Иван Ѓорѓиевски, Ристо Калчевски, Драган Поповски, Васил Василев, Танас

Електронско издание




ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ
- ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ПОВТОРНО ЌЕ КАМПУВААТ ЗА ДА БИДАТ ВИДЕНИ И СЛУШНАТИ
- „ВИП КОМБО БОКС“, НОВ ПАКЕТ НА ОНЕ.ВИП
- НОВАТА ВЛАДА ЌЕ ГО ПРЕИСПИТА ДОГОВОРОТ ЗА НОВ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР
- ТОДОРОВ НА ЗАМИНУВАЊЕ ПОТПИША ДОГОВОР ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИОТ КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР
- КОЦИЈАНЧИЧ: РЕШЕНИЕТО НА КРИЗИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО АЛБАНИЈА Е РЕЗУЛТАТ НА С

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

18° СКОПЈЕ ВРЕМЕ
Претежно облачно

| НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 21 | 21 | 22 | 21 | 21 |
| ПЕТ | САБ | НЕД | ПОН | ВТО |
| 19 | 21 | 22 | 24 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

Малиот Павел се пробуди од вештачката кома

Фенербахче и Олимпијакос ќе се борат за европската шампионска титула

Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието

Луловски, Димче Николов, Мирко Вујисиќ, Рубенс Корубин, Зоран Јакимовски, Вело Ташовски, Станко Павлески, Бранко Коневски, Жарко Башевски, Фехим Хусковиќ, Јован Шумковски, Благоја Маневски, Благоја Кузмановски, Трајче Блажевски, Беди Ибрахим, Свето Манев, Антони Мазневски, Гоце Наневски, Исмет Рамичевиќ, Славица Јанешлиева и Ладислав Цветковски.

За младиот уметник Ѓорѓе Јовановиќ, некогашен студент на Факултетот, изложбата е одлично соочување не само со јавноста туку и со односот студенти - професори.

„Станува збор за различни генерации, но факт е дека во делата на помладите професори ги гледаме тенденциите што се јавуваат подоцна, за разлика од постарите што создаваат во манир својствен за нивното време. Од приказните што сме ги слушале како некогашни студенти, знаеме дека фактички на Факултетот постоеле две струи, на Димитар Кондовски и на Петар Мазев и од нив излегувале или силни уметници или некои што подоцна ја имале сенката на своите професори.

А допрва ќе ги видиме делата на студентите на младите професори. Класите на кои тие им предавале, сега изложуваат во Арт институтот, но, сепак, развојот е индивидуално прашање“.

Статијата е прочитана 3895 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Економската криза го намали бројот на филмовите**
**Брилијантна генерација**
**Градот каде што покривите имаат очи**
**Американци во Охрид**
**Како ќе се храниме, така ќе не' служи здравјето**

## КОМЕНТАРИ

**intelekt**, 22.05.2010 10:51:39
kondovski,mazev,vasilev,dimce nikolov,vujisic..se iminja od koi navistinsa treba da se uci...so sreka izlozbata,i dajte im mesto poveke na vasite studenti zosto i tie se stremat da go sledat vasiot vrv!!!

Кликнете за оценка: 39 | 54

Deutsche Welle
Пипа кажа „Да“
Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
Германија: Еден милион слободни работни места



ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат

Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk